Република Северна Македонија
Основен суд виница
Су02-3/2020-3
03.03.2020 година
Виница

**ДОГОВОР**
**ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ**
набавка на опрема за видео надзор по оглас бр.01889/20

Склучен на 03.03.2020 година:

1.Основен суд Виница, со адреса „Бел Камен“ бр.11, ЕМБС 5126606 и ЕДБ 4005945102639 застапуван од Претседателот на судот, Васка Петрова како Договорен орган

2. Друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз „Сторм Компјутери“ Дооел-В ,со седиште на улица во В , ЕМБС , ЕДБ , застапуван од Управителот Златка Стојанова, како Носител на набавката

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој договор е јавна набавка на стоки -опрема за видео надзор за потребите на Основен суд Виница, со вградување и инсталирање, по техничка и финансиска понуда на последната цена по завршување на е-аукцијата спроведена електронски преку системот на ЕСЈН под оглас број 01889/2020, а која е составен дел на Договорот.

**Член 2**

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го испорача и тоа уред за мрежно видео снимање- модел 8CH DAHUA DH-NVR2108-4KS2 1-број ,видео камера 4MP DAHUA DH-IPC-HDW1431S-0360/ IPC-T1B40 DAHUA на број 6-шест,мрежен концентратор -свич 8-Port Fast Ethernet PoE Switch DAHUA PFS3009-8ET-96 на број 1,тврд диск 3ТБ марка 3TB Western Digital SATA3 64MB WD30PURZ Purple Surveillance 1-еден број, мрежен кабел категорија 5Е, пластични канали, спроведување на обука за користење, да изврши вградување на истиот во рок од пет дена од денот на склучување на договорот во просториите на Основен суд Виница.Гаранцијата на уредите е 24 месеци, согласно тендерската документација.

Испораката и вградувањето се смета за извршено со потпишување на испратницата од овластените лица кај странките.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Вкупната вредност на стоката со транспорт и монтажа без ДДВ изнесува 50.500,00-педесети илјади и петстотини денари, по специфицирани единечни цени во техничката и финансиска понуда на последната цена по завршување на е-аукцијата, која е составен дел од Договорот.

Вкупниот износ на ДДВ од 18% изнесува 9.090,00 денари.

Република Северна Македонија
Основен суд виница
Су02-3/2020-3
03.03.2020 година
Виница

Друштво за производство, трговија и услуги СТОРМ КОМПЈУТЕРИ дооел
Бр. 03-03
03.03.2020 год
Виница

Вкупната вредност на стоката со транспорт и монтажа изнесува 59.590,00 денари со вклучен ДДВ.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**
**Член 4**

Времетраењето на договорот престанува кога ќе бидат исполнети обврските кои што со овој Договор ги имаат преземено договорните страни.

**НАЧИН И РОК НА ИСПЛАТА**
**Член 5**

Плаќањето на цената е по испораката, монтажата на стоката и доставена финансиска документација (фактура) во рок од 30 дена.

**ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 6**

Во случај на доцнење со испораката на стоката од страна Носителот на набавката, Договорниот рок има право на надомест на штета и договорна казна.Договорната казна се определува во висина на 10% од вредноста на стоката.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**
**Член 7**

За се што не е регулирано со овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

**Член 8**

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не можат да ги решат спогодбено во духот на взаемна соработка и добрите деловни односи ќе ги решава надлежниот суд во Кочани.

**Член 9**

Овој Договор е составен во (4) четири еднообразни примероци од кои по (2) два примерока за секоја страна.

**Договорен орган ,**
**Основен суд Виница**

**Претседател,**
**Васка Петрова**

**Носител на набавката,**
**ДТПУ Сторм Компјутери Дооел Виница**

**Управител,**
**Златка Стојанов**

Составен дел на Договорот е:
-Финансиска понуда на последна цена по завршување на е -аукција